Cardno Emerging Markets USA, Ltd, representative office Skopje

## УСАИД проект за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите
## Програма за млади професионалци

УСАИД проектот за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите бара мотивирани, организирани и посветени на резултати, млади професионалци или студенти на додипломски/постдипломски студии кои ќе служат како **практиканти** во една од наведените партнер општини: **Студеничани, Центар Жупа, Старо Нагоричане, Врапчиште и Могила**. Тој/таа ќе соработува тесно со одделот за даночна администрација и ќе спроведе задачи за собирање и анализа на податоци.

Проектот ги поддржува партнер општините да ги зголемат своите капацитети за собирање приходи од сопствени извори, пристап до надворешни извори за финансирање и планирање и извршување на буџетот.

Избраните млади професионалци ќе склучат договор со Проектот за обезбедување поддршка на општината која тој/таа ја претпочита, во ажурирањето и унапредувањето на тековната база на податоци за данокот на имот и комуналните такси, како и целокупниот систем на даночна администрација, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на:

- Канцелариски и теренски активности за идентификација и регистрација на недвижен имот.
- Ажурирање на податоците во локалниот систем за администрирање на даноци.
- Поддршка на одделот за даночна администрација при изготвување/пополнување обрасци за даночна администрација во согласност со законот за данок на имот и комунални такси.
- Придонес за локална јавна кампања за зголемување на мотивацијата на даночните обврзници да плаќаат даноци и да се информираат како се трошат нивните пари.
- Други задачи доделени од Градоначалникот и/или раководителот на даночното одделение.

Младите професионалци ќе добијат почетна обука и постојано менторство од тимот на Проектот. Времетраењето на Програмата за млади професионалци е шест месеци.

Посакувана образовна подготовка се: техничките науки, бизнис или јавна администрација, економија. Ангажирање ќе се преговара за 6-8 часа на работен ден со соодветна компензација. Трошоци за транспорт нема да бидат покриени.

Заинтересираните кандидати се очекува да испратат CV и мотивационо писмо до 28.12.2021 година на info@srmamk.com и да го наведат името на општината за која се заинтересирани.